Обуката за финансиско управување и транспарентност им овозможи на 20 претставници на граѓанските организации од земјава целосно да се запознаат со стандардите за транспарентност и отчетност во делот на финансиско управување. Таа се одржуваше од 29 до 31 мај во Битола, а учесниците ги зајакнаа нивните вештини и знаења за соодветно и одговорно финансиско управување и зголемена финансиска транспарентност.



„Јас станувам се посвесен дека финансиското работење треба да е јасно не само за нас
[
граѓанските организации
],
туку и за сите институции, поединци и пошироката јавност која ги разгледува финансиските извештаи. Во основа, тој е патот за влевање на доверба во непрофитниот сектор како од институциите така и од јавноста"

,
рече Виктор Илиев од здружението ИНКА.

Обучувачите ги презентираа основните насоки за креирање буџет на организациите; ги упатија учесниците како да го следат текот на парите и кај оперативните и кај директни трошоци; како да подготоват финансиски извештај согласно прописите во земјата (Закон за сметководство на непрофитни организации); им помогнаа да ги разбераткарактеристиките на различни финансиски извори (грантови/донации, економски активности, индивидуално давање, членство, спонзорства и донации и сл.); и да ја разберат важноста на долгорочните финансиски планови и проекции и финансиската контрола.

Марија Џидрова, од Мрежата за регионален развој, истакна дека на оваа обука можела да зборува за сите отворени прашања кои ги имала во врска со правилното финансиско известување и финансиската транспарентност. Таа додаде дека е задоволна од обуката и пристапноста на обучувачите и надвор од официјалната програма.


ДА СЕ ИЗОДИ ПАТОТ:
ЗАЕДНИЧКИ ЗАЛОЖБИ ЗА ОДРЖЛИВИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
GOING THE DISTANCE: